1 РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 18-94/1
09. 01 2019 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (карактер („Службен Весник на Република Македонија “ бр. 13/06 , 86/08, 06/10, 42/14, 148/15, 55/16. 64/18), Општина Крива Паланка, ул. ,,Св. Јоаким Осоговски,, бр 175, 1330 Крива Паланка , тел/факс 031 375 035 e-mail: opkp@krivapalanka.gov.mk, одговорното лице за спроведување на законските одредби за слободен пристап до информации од јавен карактер – Градоначалникот Борјанчо Мицевски го подготви следниот

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## (за период од 01.01.2018 до 31.12.2018година)

### 1. Податоци за службеното лице задолжено за посредување на информации кај имателите на информации:

Службено лице за посредување со информации согласно Член 8 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер карактер („Службен Весник на Република Македонија “ бр. 13/06 ,86/08, 06/10, 42/14, 148/15, 55/16, 64/18), во Општина Крива Паланка е:
Лидија Митовска, помлад соработник за управување со квалитет
lmitovska@krivapalanka.gov.mk;
тел/факс 031 375 035
Општина Крива Паланка
Ул .,,Св. Јоаким Осоговски ,, бр. 175 ,1330 Крива Паланка

### 2.Број на поднесени барања:

Во текот на 2018 г. согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Крива Паланка има поднесено вкупно **45 (четириесет и пет )** барања.

Барањата претежно се однесуваат за информации, акти, документи продуцирани со работата на општинската администрација, советот на општината, градоначалникот, но и одредени акти со кои се има стекнато општината во текот на вршењето на работите од својата надлежност.

За разлика од претходните години кога имавме помал број на барања со кои се бараат повеќе различни информации, оваа година ја карактеризираат баш такви барања, имаме случаи кога со едно барање се бараат дури и над 30 (триесет ) различни информации од различни области.

**Во текот на 2018 година од општината се побарани вкупно 305 (триста и пет) информациии од јавен карактер и тоа се:**

- 59 ( пеесет и девет) информации се од областа на финансиите, општинскиот буџет,буџетскиот процес (процесот на планирање на буџетот) , финансиските извештаи, трансфери кон невладини организации, фактури, патни налози, службени патувања, проценка на пазарна вредност на недвижен имот и сл. или 19,34 %;
- 39 (триесет и девет) информации се од областа на човечки ресурси, систематизација и организација на општинската администрација, кривични и дисциплински постапки и сл. или 12,79 %;
- 36 (триесет и шест) информации се од областа на работата и функционирањето на Советот на општината, ( акти, плански документи, форми на непосредно граѓанско учество, и сл) или 11,80 %;
- 34 (триесет и четири) информации се од областа на еднаквите можности на жените и мажите, комисијата за еднакви можности (годишни програми и акциските плански документи ,родовите перспективи,родовата процена на влијание, родовото буџетирање, видовите мерки и сл), или 11,15;
- 29 ( дваесет и девет ) информации се во областа на младински прашања, совет на млади (акти, тела, стратешки документи, формално и неформално образование, младинско партиципативно учество во локалните политики и сл.) или 9,51
- 28 ( дваесет и осум) информации се од областа на правни и општи работи(акти, докумети), имот на општината (движен и недвижен), управни спорови и сл. или 9,19%
- 23 (дваесет и три) информации се од областа на локалниот економски развој, стратешко планирање,плански документи,годишни програми, акциски планови, извештаи и сл. или 7,54 % ;
- 22 ( дваесет и две ) информации се од областа на јавните набавки или 7,22 % ;
- 13 ( тринаесет ) информации се во областа на урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина, комуналните дејности и комунална инфраструктура или 4,26 %;
- 5 (пет) информации се за барања на документи – извештаи од извршени контроли и ревизии од државен завод за ревизија и народен правобранител или 1,64 %;
- 4 (четири) информации се од областа на против пожарната заштита, или 1,31 %;
- 3 (три) информации се од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер, или 0,98 %;
- 3 (три) информации се од областа на градежниот инспекциски надзор, или 0,98 % ;
- 3 (три ) информации се од областа на комуналниот инспекциски надзор, или 0,98;
- 3 (три ) информации се од областа на управување со квалитет,формални процедури и сл. или 0,98;
- 1 (една ) информација е од областа на енергетска ефикасност, или 0,33;

**3. Број на позитивно одговорени барања:**

**Сите 45 (четириесет и пет ) барања се за информација од јавен карактер согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и сите барања се позитивно одговорени.**

Одговорите на Барањата се конкретни согласно барањата на барателите, информациите се доставени во формата каква ја бара барателот и на начинот за доставување наведен во барањето. По сите барања е постапено согласно член 20 став 1 и е доставен одговор по бараната информација согласно член 24 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Р. Македонија " бр. 13/06 , 86/08, 06/10,42/14,148/15, 55/16, 64/18 )

**4. Број на одбиени барања со наведување на причините за секое одбиено барање;**

**нема**

**5. Број на вложени жалби против првостепени одлуки ( решенија и заклучоци) на имателите на информации со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација.**

**нема**

**6. Број на усвоени жалби со одлука на Комисијата.**

**нема**

**7. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата;**

**нема**

**8. Број на одбиени жалби од Комисијата и причини за нивно одбивање.**

**нема**

**9. Број на отфрлени жалби од Комисијата и причини за нивно отфрлање.**

**нема**

**10. Број на случаи на молчење на Комисијата**

**нема**

**11. Број на барања за поведување прекршочна постапка и поведени прекршочни постапки.**

**нема**

**12. Број и видови на изречени прекршочни санкции**

**нема**

**13. Број на поведени управни спорови против конечната одлука на Комисијата или во случај на молк на имателот на информации.**

**нема**

**14. Број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд.**

**нема**

**09.01.2019г.**
**Крива Паланка**

.............................................................................
Службено лице за посредување со информации
**Лидија Митовска**

.............................................................................
**Одговорно лице**
**Градоначалник на Општина Крива Паланка**
**Борјанчо Мицевски**